
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 33	12.01.2024 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, ЈАНУАРИ 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Заклучок бр. 08-65/3 од 12.01.2024 година

Се прогласува Заклучок бр. 08-65/3 од 12.01.2024 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 12.01.2024 год.

Бр. 09-84/1
12.01.2024 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), по барање бр.24-2188/3 од 27.12.2023 год. доставено од Министерство за економија Сектор за минерални суровини заверено во Општина Јегуновце, со арх. број 08-2/1 од 02.01.2024 год. Советот на Општина Јегуновце на триесетитретата седница одржана на ден 12.01.2024 год. го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Јегуновце по барањето бр.24-2188/3 од 27.12.2023 год. доставено од Министерство за економија Сектор за минерални суровини дава негативно мислење и го поддржува мислењето од Здружение на граѓани на с.Рогачево наш арх. бр. 08-2/3 од 10.01.2024 год. во однос на издавање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Сурин„ с.Рогачево.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на „Општина Јегуновце„ и истиот да се достави до Министерство за економија Сектор за минерални суровини Скопје.

Бр. 08-65/3
12.01.2024 год..
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска,с.р.

Врз основа на член 24-а од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ", бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/15, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ„ бр.275/19 и 89/22), член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ", бр.5/02) и член 16 став 1 точка 1 од Статут на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце бр.01-2/4 од 02.07.2021 година, Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 04.01.2024 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување вршител на должност Директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце

1. Љупчо Столески од с.Жилче со ЕМБГ 2707963470006 и број на лична карта А2434933 издадена од МВР Тетово се разрешува од должноста вршител на должност Директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, заклучно со 04.01.2024 год. поради поднесена неотповиклива оставка.

2. Лицето од точка 1 на ова Решение бр.09-1993/1 од 15.12.2023 год. беше именувано за вршител на должност директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за период од шест месеци.

3. Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението бр.09-1993/1 од 15.12.2023 г.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ", бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/15, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ„ бр.275/19 и 89/22), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ", бр.5/02) и член 11 став 2 од Статут на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце бр.01-2/4 од 02.07.2021 година, Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 05.01.2024 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за именување на Вршител на должност директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце

1. Ацо Евковски од с.Раотинце со ЕМБГ 3001986470023 и број на лична карта А1725552 издадена од МВР Тетово, се именува за ВД директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, за период од 6 месеци почнувајќи од 05.01.2024 год. до 04.07.2024 год.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 12 став 12 и 13 од Законот за библиотеките ("Сл.весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16 и Сл.весник на РСМ бр. 122/21), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 05.01.2024 год., донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување вршител на должност Директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце

1. Весна Јованоска се разрешува од должноста вршител на должност Директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце заклучно со 31.12.2023 год., поради истек на мандат.

2. Лицето од точка 1 на ова Решение беше именувано за вршител на должноста директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце во периодот од 01.07.2023 до 31.12.2023 год.

3. Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението бр.09-1032/2 од 30.06.2023 г.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 12 став 12 и 13 од Законот за библиотеките ("Сл.весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16 и Сл.весник на РСМ бр. 122/21), Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 05.01.2024 год., донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

за продолжување на мандатот за в.д. директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце

1. На Весна Јованоска родена на 17.06.1971 год. во Тетово, со место на живеење во Тетово ул.Борис Кидрич бр.70 Тетово, со ЕМБГ 1706971475041 ВСС - филозофија, именуван за в.д. Директор со Решение бр.09-1032/2 од 30.06.2023 год. му се продолжува мандатот за вршител на должноста директор на Јавната локална установа библиотека Светлина -Drita с.Прељубиште -Јегуновце, за период од 6 месеци од 01.01.2024 год. до 30.06.2024 год., почнувајќи од 01.01.2024 год.

2. Вршителот на должноста директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце ќе ги врши работите до именување на нов директор но не подолго од шест месеци од денот на продолжувањето на мандатот.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Заклучок бр. 08-65/3 од 12.01.2024 г..... 1

2. Заклучок бр. 08-65/3 од 12.01.2024 г..... 2

3. Решение за разрешување вршител на должност Директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце 3

4. Решение за продолжување на мандатот за ВД директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце 4

5. Решение за разрешување вршител на должност Директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце 5

6. Решение за продолжување на мандатот за в.д. директор на Јавната локална установа библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште - Јегуновце 6